# ПОКАНА ЗА ИЗРАЗУВАЊЕ ИНТЕРЕС
**бр. 001-15/2.1.2**

**Република Македонија**
**Министерство за образование и наука**
**Проект за развој на вештини и поддршка на иновации**
**Заем бр.: 8332-МК**

**Активност:** Консултантски услуги за развој и дизајн на концепт за техничко средно стручно образование и обука

Република Македонија има добиено финансиски средства од Светска банка во насока на имплементација на Проектот за развој на вештини и поддршка на иновации и планира да искористи дел од средствата за консултантски услуги.

Консултантските услуги вклучуваат техничка помош на Владата на Република Македонија и Министерството за образование и наука за унапредување на системот на четиригодишно техничко средно стручно образование и обука и воведување на механизми за брзо прилагодување кон барањата на пазарот на труд земајќи ги предвид промените на пазарот и демографската околина.

**Проценето времетраење на услугите е 36 месеци. Описот на работни задачи на англиски јазик е достапен на http://mon.gov.mk/index.php/dokumenti/2014-07-30-12-00-34/sdis-proekt**

Министерството за образование и наука ги поканува соодветните консултантски фирми („консултанти”) да го изразат својот интерес за обезбедување на услугите. Заинтересираните консултанти треба да достават информации/документи со кои ќе се потврди дека ги исполнуваат бараните квалификации и соодветното искуство за извршување на услугите. Критериумите кои треба да се исполнат за квалификување на кратката листа на најсоодветнии фирми се:

- најмалку еден проект во областа на стручно образование и обука, вклучувајќи развој на современ концепт за техничко стручно образование и обука , развој на стандарди на занимања и наставни програми засновани на компетенции, сличен по обем и природа во последните 5 години.
- искуство во проценка на мрежи на средни стручни училишта.
- искуство во организција и спроведување на обуки од поширок размер за државни/јавни службеници, функционери и слично.
- претходно искуство во земјите од поранешна Југославија ќе се смета за предност.

*Биографиите на индивидуалните експерти нема да бидат земени предвид при квалификување на фирмите на кратката листа.*

Заинтересираните Консултанти се упатуваат на точка 1.9 од процедурите за набавки на Светска банка {*Guidelines: Selection and Employment of Consultants [under IBRD Loans and IDA Credits & Grants] by World Bank Borrowers, January 2011* (“Consultant Guidelines”)}, каде се наведени политиките на Светска банка по однос на судир на интереси.

Консултантите може да се здружуваат со други фирми во форма на здружен настап или под-консултантство со цел зајакнување на квалификациите.

Таквите здружувања може да бидат во форма на „група консултанти“ или „подконсултанти“. Во случај на „група консултанти“, членовите на групата ќе бидат групно евалуирани за влез на кратката листа и ќе бидат неограничено и солидарно одговорни за извршување на услугите и сите членови ќе го потпишат договорот во случај на доделување на истиот на групата. Заинтересираните консултанти треба во своите апликации јасно да ја наведат структурата на нивното „здружување“ и обврските на секој од членовите и подконсултантите. Нејасните изјави за интерес во смисла на „во асоцијација со“ и/или „во афилијација со“ и слично може да не бидат разгледувани при формирање на кратката листа на најквалификувани фирми.

Според принципот „една изјава за интерес од една консултантска фирма“, секоја фирма може да се определи дали ќе учествува како подконсултант, како самостоен консултант или како партнер во група консултанти. Една фирма може да поднесе само една изјава за интерес во истиот процес на набавка и тоа како самостоен консултант или како партнер во група консултанти. Ниту една фирма не може да биде подконсултант во случај ако поднела изјава за интерес како самостоен конултант или како член во група консултанти за истиот процес на набавка. Фирма која се јавува како подконсултант може да учествува во повеќе од една изјава за интерес, но само како подконсултант.

Изборот ќе се врши врз основа на постапка за избор според методот квалитет и цена (*Quality and Cost Based Selection*) согласно процедурите за набавки на Светска банка (“*Consultant Guidelines*“).

Дополнителни информации може да се добијат на долунаведената адреса во работно време од 08:30 до 16:30.

Изјавите за интерес на англиски јазик треба да се доставаат во писмена форма на долунаведената адреса (лично, по пошта, на е-маил) најдоцна до 24 април 2015, 16:30 часот по локално време.

**Адреса:**
**Министерство за образование и наука-Проект за равој на вештини и поддршка на иновации**
**За: Данијела Манева, менаџер за набавки (за оглас бр. 001-15)**
**ул. „Св.Кирил и Методиј“ бр. 54, 1000 Скопје**
**Република Македонија**
**e-mail: danijela.maneva@mon.gov.mk (CC: igor.krstevski@mon.gov.mk)**